# СЛУЖ
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧК

9100 Skopje
fah 51

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-3-291-2

Понеделник, 18 декември 1972
БЕЛГРАД
БРОЈ 66 ГОД. XXVIII

Цена на овој број е 1 динар. — Претплатата за 1972 година изнесува 270 динари — Редакција: Улица Јована Ристића бр. 1 Пошт фах 226. — Телефони: централа 650-155: Уредништво 651-885: Служба за претплата 651-732: Комерцијален сектор 651-671.


**625.**

Врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 1, издавам

### УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ВО ОДРЕДЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД, ВО ИНТЕРЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ, ВО ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ И ВО ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ И ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ

Се прогласува Законот за привремено ограничување на личните доходи во одредени организации на здружениот труд, во интересните заедници, во државните органи и во општествено-политичките и други организации, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 15 декември 1972 година и на седницата на Стопанскиот собор од 15 декември 1972 година.

ПР бр. 112
16 декември 1972 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Потпретседател
на Сојузната скупштина,
инж. **Густав Влахов,** с. р.

### ЗАКОН

### ЗА ПРИВРЕМЕНО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ВО ОДРЕДЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД, ВО ИНТЕРЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ, ВО ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ И ВО ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ И ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

Заради порамномерен распоред на товарот на стабилизацијата врз сите стопански и општествени субјекти, според одредбите на овој закон привремено се ограничува височината на исплатата на личните доходи во одредени организации на здружениот труд, во интересните заедници, во државните органи и во општествено-политичките и други организации.

Член 2

Одредбите на овој закон се применуваат врз работниците и функционерите во државните органи и општествено-политичките и други организации, кои, во согласност со Правилникот за распоредување на корисниците на општествен имот според нивните дејности („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/62 и 12/63 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 26/64, 50/64, 11/65 и 13/65), се распоредени во групата 011-00 Општествени организации, во групата 015-00 Дејност на органите на власта и управата и во групата 016-00 Други општествени служби.

Одредбите на овој закон се применуваат врз основните организации на здружениот труд, заедниците на основните организации на здружениот труд, работните организации и други сложени организации на здружениот труд (во понатамошниот текст: организациите на здружениот труд), кои, во согласност со Правилникот за распоредување на корисниците на општествен имот според нивните дејности, се распоредени во групите односно подгрупите: 128-20, освен 128-21, Новински и издавачки претпријатија и установи, 411-00 Проектирање, 415-00 Премерување и картирање земјишта, 416-00 Испитување земјишта и градежни материјали, 519-00 Поштенски, телеграфски и телефонски сообраќај, 611-00 Трговија на мало, 612-00 Трговија на големо, 613-00 Надворешна трговија, 614-00 Трговски услуги, 615-00 Деловни здруженија, 630-00 Туристичко посредување и 811-00 Станбена дејност.

Одредбите на овој закон се применуваат и врз организациите на здружениот труд, интересните заедници и други организации кои, во согласност со Правилникот за распоредување на корисниците на општествен имот според нивните дејности, се распоредени во групите: 911-00 Училишна дејност, 912-00 Научна дејност, 913-00 Културно-просветна дејност, 914-00 Уметничко-забавна дејност, 915-00 Здравствена дејност, 916-00 Социјална заштита, 917-00 Фискултурна дејност, 012-00 Дејност на стопанските комори и др., 013-00 Финансии и осигурување (Народна банка на Југославија, народни банки на републиките и народни банки на автономните покраини, деловни и други банки, поштенски штедилници, штедно-кредитни задруги, осигурителни заводи и нивните заедници, лотарии и обложувалници, Службата на општественото книговодство и други финансиски организации) и 014-00 Дејност на заводите за социјално осигурување.

Член 3

Од денот на влегувањето во сила на овој закон до 30 јуни 1973 година личните доходи во организациите на здружениот труд, во интересните заедници, во државните органи и во други организации од член 2 на овој закон, не можат да се исплатуваат во износи поголеми од просечно исплатените лични доходи по работник во периодот од 1 јануари до 30 ноември 1972 година или во износите исплатени за октомври 1972 година во октомври и ноември 1972 година.

Член 4

Ако износите на личните доходи во организациите на здружениот труд, во интересните заедници, во државните органи и во други организации од член 2 на овој закон, утврдени според одредбите на општествениот договор, на самоуправните спогодби или на нивен општ акт, би биле пониски од износите утврдени според член 3 на овој закон, се исплатуваат личните доходи утврдени во тие акти.

Член 5

Ако во организациите на здружениот труд, во интересните заедници, во државните органи и во

други организации од член 2 на овој закон се врши ограничување на исплатите на личните доходи според член 74 од Законот за Службата на општественото книговодство („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/72, 23/72, 33/72, 39/72 и 55/72) или според одредбите на други прописи, според кои личните доходи се утврдуваат во износи пониски од износите утврдени според одредбите на член 3 на овој закон, личните доходи ќе се исплатуваат според тие прописи.

Член 6

Износите на личните доходи исплатени во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 30 јуни 1973 година, согласно одредбите на овој закон, не можат да се зголемат дополнително ниту по истекот на тој период.

Член 7

На предлог од републичкиот или покраинскиот извршен совет односно надлежниот сојузен орган, по прибавено мислење од надлежниот синдикален орган, Сојузниот извршен совет може да им одобри на одделни групи односно подгрупи организации на здружениот труд, интересни заедници, државни органи и други организации од член 2 на овој закон да ги зголемат личните доходи за одреден процент или до одреден износ, за сите или одделни категории свои работници.

Член 8

Ако утврди дека се постигнати целите заради кои е донесен овој закон, Сојузниот извршен совет ќе ја извести за тоа Сојузната скупштина и ќе предложи овој закон да се стави вон сила.

Член 9

Сојузниот секретар за труд и социјална политика ќе го пропише начинот за утврдување на просечно исплатените лични доходи по работник во периодот од 1 јануари до 30 ноември 1972 година односно исплатени за октомври 1972 година во октомври и ноември 1972 година и начинот за утврдување на височината на личните доходи што можат да се исплатуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 30 јуни 1973 година, како и кои податоци при исплатувањето на личните доходи ќе се поднесуваат на надлежната Служба на општественото книговодство.

Член 10

Службата на општественото книговодство ќе го следи применувањето на овој закон и ќе го контролира неговото извршување.

Член 11

Со парична казна од 5.000 до 20.000 динари ќе се казни за стопански престап организацијата на здружениот труд, интересната заедница или друга организација од член 2 на овој закон:

1) ако неточно ги утврди просечно пресметаните и исплатени лични доходи во периодот од 1 јануари до 30 ноември 1972 година односно за ноември 1972 година;

2) ако исплати лични доходи во износ поголем од износите утврдени според одредбите на овој закон.

За стопанскиот престап од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во организацијата на здружениот труд, во интересната заедница или во друга организација од член 2 на овој закон со парична казна од 500 до 5.000 динари.

Член 12

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**626.**

Врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 1, издавам

## УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ НА ПОСЕБНИ СМЕТКИ ДЕЛ НА ПРИХОДИТЕ ОД ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС, ОД ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ И ОД СУДСКИТЕ ТАКСИ ВО 1972 ГОДИНА

Се прогласува Законот за дополнение на Законот за издвојување на посебни сметки дел на приходите од придонесот од личниот доход од работен однос, од данокот на промет на производи и услуги и од судските такси во 1972 година, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 15 декември 1972 година и на седницата на Стопанскиот собор од 15 декември 1972 година.

ПР бр. 95
16 декември 1972 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Потпретседател
на Сојузната скупштина,
инж. **Густав Влахов,** с. р.

## ЗАКОН

## ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ НА ПОСЕБНИ СМЕТКИ ДЕЛ НА ПРИХОДИТЕ ОД ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС, ОД ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ И ОД СУДСКИТЕ ТАКСИ ВО 1972 ГОДИНА

Член 1

Во член 7 на Законот за издвојување на посебни сметки дел на приходите од придонесот од личниот доход од работен однос, од данокот на промет на производи и услуги и од судските такси во 1972 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/72 и 53/72) се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

„Како зголемени расходи, во смисла на став 1 на овој член, се смета и зголемувањето на потрошувачката во областа на здравственото осигурување на работниците што настанала поради зголемениот број на вработените, ако проширувањето на наведените дејности е поголемо од три посто во однос на 1971 година.

Во случајот од став 1 на овој член, на корисниците на општествени средства републиката односно автономната покраина може да им одобри, во целост или делум, користење на средствата издвоени на нивните посебни сметки во рамките на 20% од вкупните средства што на денот на пресметката се издвоени на посебните сметки на територијата на републиката односно на автономната покраина."

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

# ОДЛИКУВАЊА

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 4 и член 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат за примерни заслуги и умешност во работата на развивањето постојан полет заради остварување на поставените задачи во единиците со кои раководат, како и за создавање услови за постигање на исклучително добри успеси во своите единици и установи

## СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО СРЕБРЕНИ МЕЧЕВИ

интендантските заставници: Бенко Стјепана Ћирил, Богдановић Јеротија Десимир, Бркић Рифата Омер, Цветковић Милана Драгомир, Јовановић Радосава Миодраг, Кузмановић Тоше Владо, Лилић Раке Милорад, Ливак Јосипа Антон, Лукић Душана Александар, Маневски Илије Љубо, Милановић Светозара Живојин, Митевски Миле Ђорђе, Саздов Панче Димитар, Шентовски Ставере Данајло, Шокић Стипе Иван, Васиљевић Стјепана Чедо, Вишњић Николе Ненад;

заставниците за врска: Бјелан Ђорђа Бошко, Грбовић Леке Радојица, Ковачић Мирка Миодраг, Козомора Панте Пантелија, Крвавац Војина Мирко, Петровић Стојана Веселин, Радић Мирослава Слободан, Стојадиновић Петра Славко, Стојковић Јована Стојан, Вокић Обрада Андрија;

заставниците на авијација: Чанчар Стевана Иван, Лазић Милутина Живојин, Миловановић Милана Милован, Николовски Кире Донче, Петровски Јордана Андрија, Ракић Жарка Драган, Стричић Шпире Миле;

артилериските заставници: Духовски Динка Тихомир, Плавански Војина Младен;

заставникот на финансиска служба: Ђорђевић Милана Милић;

пешадиските заставници: Гачић Алексе Јаков, Илић Вукадина Сретен, Ковачевић Тихомира Миломир;

заставниците на АБХ одбрана: Госпић Паве Мате, Халиловић Мухамеда Осман;

заставниците на сообраќајна служба: Љумовић Јанка Петар, Радовић Милића Миленко;

инженерискиот заставник: Обрадовић Ристе Драгомир;

санитетскиот заставник: Стојановски Јована Ристо;

воздухопловнотехничките постари водници I се: Алимпић Живана Радован, Антонић Јована Владимир, Балабан Михајла Милош, Банковић Данила Радиша, Бошковић Петра Милић, Чугуровић Раденка Владимир, Дуловић Станише Душан, Ђуричић Крсте Чедомир, Галазовски Кире Димитар, Газдић Николе Недељко, Гољевачки Паје Александар;

Иловски Павла Темелко, Ивановић Чеде Милош, Ивошевић Илије Миладин, Јаношевић Озрена Ђорђе, Јажић Мате Илија, Јосић Момчила Бориводе, Јовановић Ђуре Дарко, Јовановић Панте Новица, Карарић Хасана Авдија, Каталина Чедомира Мирослав, Кљајић Петра Ђуро Кнежевић Јована Васо, Којић Светка Остоја, Крстић Живојина Станислав, Круниħ Саве Радослав, Кузминац Лазара Стеван, Лозеј Јожефа Драго, Лукић Паје Стеван;

Маћаревић Драгутина Мирко, Манојловић Миладина Милан, Маринковић Здравка Љубиша, Мијатовић Вучка Љубомир, Миладиновић Љубомира Миливоје, Миличевић Миодрага Никола, Милуновић Милисава Тадија, Младеновић Јована Милоје, Мрмак Игњата Милорад, Новачић Ивана Антон, Пауновић Чедомира Драгослав, Пејовић Милана Драго, Петковић Марка Анте, Петровић Добросава Станко, Продановић Мирка Милан, Продановић Милорада Војислав, Прпа Јована Лазар;

Радишић Радоја Сретен, Радочај Николе Мирко, Радоја Шпире Пајо, Радовановић Светомира Михајло, Радовић Петра Славко, Ритоња Рудолфа Иван, Рогуљић Ивана Миленко, Стајић Благоја Драгутин, Стаменић Јове Александар, Станисављевић Милана Предраг, Станковић Дане Драган, Станковски Михајла Драган, Стојковић Алексе Радомир, Стојнић Томе Милан, Свалина Ивана Ивица;

Шалипуровић Милојице Милорад, Шурбатовић Новице Милутин, Терзић Милоша Драгоје, Токић Мије Марко, Трифуновић Новака Милија, Васић Драге Гаврило, Васић Милојка Миливоје, Велимир Михајла Јово, Волф Ивана Иван, Вуковић Миленка Живорад;

постарите водници I класа за врска: Андријашевић Стевана Миладин, Бакарић Јосипа Филип, Балаћ Обрада Стеван, Боројевић Васе Миле, Ђурасовић Симе Боро, Газивода Марка Јанко, Гмитровић Милутина Драгослав, Хаџифеизовић Шаћира Абдулах, Хренек Ивана Никола, Ивановић Илије Петар, Јовановић Николе Милутин, Јовичевић Јована Крсто, Маричић Драгољуба Градимир;

Пејовски Богдана Александар, Проле Крстана Петар, Раичковић Илије Миодраг, Станковић Петра Радивоје, Тешановић Рајка Драгољуб, Тодоровић Радивоја Милан, Живановић Митра Бошко;

техничките постари водници I класа: Бајовић Милоша Милија, Бобић Душана Вујадин, Дробњак Мелентија Славољуб, Грба Милана Илија, Ивановић Чедомира Танкослав, Ивановић Неђе Урош, Каучић Винка Јанко, Кнежевић Душана Никола, Комњен Дамјана Душан, Ковачевић Петра Лазар;

Милићевић Милоша Радоје, Милошевић Петра Лука, Николић Драгољуба Драгиша, Палијан Ивана Миле, Смиљанић Николе Ђуро, Шуљагић Драгољуба Владимир, Вучетић Момира Кристивоје, Вукичевић Марјана Никола, Жмукић Блаже Михајло;

интендантските постари водници I класа: Бирчанин Божидара Радован, Вишћан Ивана Мијо, Дучић Ивана Перо, Митровић Бранислава Драгослав, Вујашковић Јанка Никола;

пешадиските постари водници I класа: Блануша Стевана Данило, Гудало Пере Васо, Станковић Војислава Нићифор;

постарите водници I класа на административна служба: Богдановић Десимира Стаменко, Цик Јурја Јурај, Цвијетиновић Гојка Цвијетин, Гајић Гавре Петар, Милијановић Милорада Љубиша, Младеновић Прокопија Благоје, Недељковић Јована Драгољуб, Раденковић Сретена Димитрије, Растовић Илије Ђорђе, Секулић Здравка Петар, Спасовски Јосифа Серафим, Тодоровић Јакова Марко, Тодоровић Мате Лазо, Тришић Радивоја Милутин, Зањко Антона Стјепан;

артилериските постари водници I класа: Црнковић Андрије Владимир, Фабијан Николе Стјепан, Митровић Стојана Бранислав, Пекурар Петра Трајан, Ратковић Симе Владо;

постарите водници I класа на авијација: Еминовић Романа Незир, Милутиновић Драгољуба Миодраг, Остојић Млађена Мићо, Поповић Саве Слободан, Симоновић Рајка Војислав;

постариот водник I класа на финансиска служба: Милетић Драгомира Стојан;

инженерискиот постар водник I класа: Милошевић Владимира Павле;

санитетскиот постар водник I класа: Пешић Љубомира Мијат;

постариот водник I класа на сообраќајна служба: Скочибушић Стјепана Ивица;

воздухопловнотехничките постари водници: Апостоловић Божидара Благоје, Драгић Миле Добривоје, Гађан Миладина Бранислав, Лацмановић

Ђуре Томо, Милановиќ Живота Миодраг, Панев Николе Тодор, Петровиќ Радоја Благомир, Торбица Радослава Слободан;

пешадиските постари водници: Церовак Стојана Драгиша, Јовиќ Вељка Ратомир, Килибарда Марка Љубиша;

постарите водници на авијација: Фазлијевиќ Брајима Зумбер, Матиќ Стевана Милош, Војиновиќ Васе Милорад;

постарите водници за врска: Јанковиќ Ђуре Адам, Перишиќ Ђорђа Богдан;

антендантските постари водници: Јосовиќ Томе Милоја, Пантиќ Радивоја Стеван;

техничките постари водници: Јовановиќ Борисава Владимир, Жеравица Мартина Иван;

артилерискиот постар водник: Котур Душана Бранко;

постарите водници на административна служба: Маринковиќ Ристаније Владимир, Митровиќ Стојана Милован, Пиралиќ Авдије Мустафа, Станковиќ Величка Милан;

инженерискиот постар водник: Матановиќ Часлава Ђорђе;

воздухопловнотехничкиот водник I класа: Марковиќ Петра Миомир;

воените службеници III класа на административна служба: Медиќ Пилипа Илија, Недељковиќ Јосипа Штефица, Вукотиќ Петра Вера;

воените службеници IV класа на административна служба: Кировски Пане Крсто, Митровиќ Стојана Бане;

воениот службеник V класа на административна служба: Годошев Љубомира Крсто;

воените службеници VI класа на административна служба: Цвијановиќ Новака Лука, Костиќ Љубомира Нада, Шекеровиќ Сретена Вера;

воените службеници VIII класа на административна служба: Јуричиќ Габријела Мира, Кодрња Мирослава Еуген, Предовиќ-Матулиќ Шиме Ружица;

за особени заслуги во изградбата и јакнењето на оружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и за особени успеси во раководењето со воените единици, во нивното зацврстување и оспособување за одбрана на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

## СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

полковниците на правна служба: Букилиќ Раде Бранко, Лекиќ Благоја Бранко;

полковникот на финансиска служба: Цревар Михајла Вељко;

артилерискиот полковник: Цветичанин Јандре Гојко;

полковниците на авијација: Добречевиќ Стојана Љубомир, Илиќ Николе Љубиша, Мутиќ Петра Стојан, Муждека Гојка Светолик, Пешиќ Јосипа Јосип, Зубек Јосипа Јосип;

воздухопловнотехничките покловници: Глигоријевиќ Драгомира Живота, Пејиќ Ђуре Милан, Савиќ Младена Ђорђе;

потполковниците на авијација: Бабиќ Алексе Милош, Ињиќ Ристе Младен, Купрешанин Јована Божидар, Лавриќ Ивана Иван, Лиска Калмана Душан, Нојиќ Недељка Добривоје, Обрадовиќ Мила Петар, Пејиќ Бона Шиме, Живковиќ Тиодора Миодраг;

потполковникот на сообраќајна служба: Граховац Николе Драган;

воздухопловнотехничките потполковници: Јеринкиќ Димитрија Драгољуб, Тавчар Михаела Богомир;

инженериските потполковници: Катиќ Мате Милан, Томиќ Теше Бранко;

потполковниците за врска: Краљиќ Ђорђа Вид, Шаин Душана Душан;

артилерискиот потполковник: Пришилн Стјепана Мирко;

мајорот на авијација: Стевановиќ Милана Божидар;

## СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

артилериските потполковници: Басара Милана Марко, Бокан Стеве Влајко, Мандиќ Лазара Петар, Станковиќ Марка Миодраг;

потполковниците на сообраќајна служба: Босниќ Петра Јован, Ђугумовиќ Марка Радован;

потполковниците на авијација: Божиќ Мане Милорад, Јовиќевиќ Андрије Војислав, Вулиќ Душана Предраг, Златковиќ Лазара Марко;

интендантскиот оптполковник: Бранковиќ Деспота Љубомир;

воздухопловнотехничките потполковници: Фабрис Иве Маријо, Гудељевиќ Илије Никола, Ињац Стевана Илија, Нешиќ Живана Божидар, Поштиќ Вељка Војислав;

потполковниците на финансиска служба: Јовановиќ Јовице Божидар, Јуртела Мартина Мирослав, Ничиќ Љубомира Александар, Перовиќ Радоја Михаило;

инженерискиот потполковник: Матиќ Љубомира Властимир;

потполковниците за врска: Никитовиќ Јовице Миомир, Тапушковиќ Милоша Мираш;

потполковникот на градежна служба: Станојевски Стојана Никола;

артилериските мајори: Аџагиќ Османа Ќазим, Благојевиќ Реље Урош, Бранковиќ Драгомира Чедомир, Ќиповиќ Рока Жарко, Грабовац Адама Благоје, Смолчиќ Филипа Анте, Сребро Пане Марко, Шошкиќ Новака Радован, Вуксан Миле Милан;

Бр. 159
22 декември 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

## СОДРЖИНА:


| | | Страна |
|---|---|---|
| 625. | Закон за привремено ограничување на личните доходи во одредени организации на здружениот труд, во интересните заедници, во државните органи и во општествено-политичките и други организации | 1249 |
| 626. | Закон за дополнение на Законот за издојување на посебни сметки дел на приходите од придонесот од личниот доход од работен однос, од данокот на промет на производи и услуги и од судските такси во 1972 година | 1250 |
| | Одликувања | 1251 |
| | Меѓународни договори | 641 |


**Ослободено од основниот данок на промет врз основа на мислењето на Републичкиот секретаријат за култура на СР Србија, бр. 413-55/72-03 од 15 август 1972 година**

**Издавач: Новинска установа „Службен лист на СФРЈ", Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Исо Барух. Улица Јована Ристиќа бр. 1 — Печати Београдски графички завод, Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17**